Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ (*)

Се прогласува Законот за вештачење(*), што Собранието на Република Северна Македонија

го донесе на седницата одржана на 18 јули 2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-3789/1 | Претседател на Република |
| 18 јули 2023 година | Северна Македонија, |
| Скопје | Стево Пендаровски, с.р. |

Претседател

на Собранието на Република

Северна Македонија,

м-р Talat Xhaferi, с.р.

# З А К О Н ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ (*)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на законот

### Член 1

Со овој закон се уредува вршењето на вештачењето, условите и начинот на вршењето на вештачењето, субјектите што вршат вештачење, условите и постапката за полагање испит за вештак, услови за издавање, престанок или за одземање лиценца за вештачење, награда и надоместок на трошоците за извршеното вештачење, основањето, надлежноста, организацијата и работењето на Комората за вештаци и другите органи на управување, посебна постапка за стекнување со лиценца за вештачење како и други прашања од значење за судските вештачења и супервештачења.

---

* Со овој закон се врши усогласување со Регулативата бр. 910/2014 НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции на внатрешниот пазар и укинување на Директивата 1999/93/ЕЗ, CELEX бр.32014R0910.

## Значење на изразите

Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Вештак" е физичко лице кое е запишано во регистарот на вештаци за вршење вештачење од соодветна област;

2. „Вештачење" е изработување стручен наод и мислење изработено врз основа на примена на научни и стручни методи, технички достигнувања, стекнати стручни квалификации, знаења и искуства во областите што се дефинирани во сите случаи определени со закон, или по барање на заинтересирано лице - нарачател;

3. „Супервештачење" е вештачење од повисок степен, стручна експертиза на две противречни вештачења, што го врши тим составен од најмалку тројца вештаци од соодветната област на вештачење од органот на државната управа, високообразовната установа, научната установа или стручната установа или правно лице основано во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва;

4. „Испит за вештак" е испит кој се спроведува заради оценување на потребното знаење за стекнување уверение за положен испит за вештак;

5. „Лиценца за вештачење" е документ издаден од Министерството за правда, со кој се потврдува дека физичкото лице, односно во органот на државната управа, високообразовната установа, научна установа, стручна установа и правно лице основано во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва, може да врши, односно може да се врши вештачење од соодветната област;

6. „Регистар на вештаци" е јавна книга, која се води во Министерството за правда и во која се запишуваат податоци за сите физички лица на кои им се издава, одзема или им престанува лиценцата за вештачење од соодветната област;

7. „Регистар на правни лица кои вршат вештачење“ е јавна книга, која се води во Министерството за правда и во која се запишуваат податоци за сите органи на државната управа, високообразовни установи, научни установи, стручни установи и правни лица основани во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва, кои вршат вештачење во согласност со овој закон и

8. „Комора на вештаци на Република Северна Македонија" е професионално коморско здружување на вештаци основано со овој закон (во натамошниот текст: Комората).

## Основни начела

Член 3

При вршењето на вештачењето вештаците се должни да се придржуваат кон следниве начела:

- независност,

- законитост,

- стручност,

- чесност,

- непристрасност,

- професионалност,

- самостојност,

- економичност,

- одговорност,

- совесност,

- ефикасност и

- еднаквост, без оглед на припадност по основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, јазик, државјанство, социјално потекло,религија верско, политичко или друг вид уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или која било друга основа.

## II. ВРШЕЊЕ ВЕШТАЧЕЊЕ

### Вештачење

### Член 4

Вештачењето треба да биде извршено стручно и совесно, во согласност со правилата на науката и струката и со етичките норми и да биде доставено до нарачателот на вештачењето навремено, во согласност со роковите утврдени со закон или рокот определен од нарачателот.

### Субјекти кои можат да вршат вештачење

### Член 5

(1) Вештачење можат да вршат:

- физичко лице - вештак,

- правно лице регистрирано во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва и

- високообразовна установа, научна установа, стручна установа и орган на државна управа врз основа на овластувања утврдени со закон.

(2) Супервештачење може да врши правно лице основано во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва со вработено најмалку три лица со лиценца за вештачење,високообразовна установа, научна установа, стручна установа и орган на државна управа.

Водење евиденција

Член 6

(1) Вештак - физичко лице, правните лица основани во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва, органот на државната управа, високообразовната установа, научната установа и стручната установа, се должни да водат евиденција за извршените вештачења, односно супервештачења.

(2) Формата, содржината и начинот за водење евиденција од ставот (1) на овој член, ги пропишува министерот за правда.

Странски вештак

Член 7

Доколку во Република Северна Македонија нема вештак или установа од определена област и во други случаи определени со закон, вештачење може да врши странски вештак или странска стручна институција доколку според законите на матичната земја во која е регистриран да врши вештачење, ги исполнуваат условите за вршење вештачење.

Области на вештачење

Член 8

Областите во кои се врши вештачење се утврдуваат со акт на Комората. Услови за полагање испит за вештак со соодветно образование.

Член 9

(1) Испитот за вештак (во натамошниот текст: испитот) се полага заради проверка на потребното знаење од соодветната област.

(2) Испит може да полага лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,

- да има живеалиште во Република Северна Македонија,

- да има високо образование од соодветната област (диплома за завршено четиригодишно високо образование или диплома со 300 кредити според европскиот систем за трансфер на кредити (ЕКТС),

- со правосилна одлука да не му е изречна забрана за вршење професија, дејност или должност сè додека траат последиците од забраната,

- да има најмалку пет години работно искуство по дипломирањето во соодветната област за која е поднесено барањето за полагање стручен испит и

- да има завршено обука од соодветна област на вештачење, организирана од Комората во траење од најмалку 60 часа.

Спроведување обука за вештаци

Член 10

(1) Обуката за вештаци се спроведува најмалку двапати годишно пред спроведување на испитот, и истата не може да трае помалку од 60 часа.

(2) Комората јавно објавува оглас за обука на кандидати за вештаци од определена област на нејзината вебстраница и во најмалку два дневни весника, од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(3) За завршена обука, Комората му издава на кандидатот за вештак уверение за завршена обука.

(4) Начинот на спроведување на обуката и формата и содржината на уверението за завршена обука се утврдуваат со акт на Комората.

Спроведување на испитот

Член 11

(1) Испитот се состои од два дела, и тоа:

- прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и
- втор дел (устен дел), со кој се проверува практичната способност на кандидатите.

(2) Првиот дел од испитот се полага писмено, со одговарање определен број прашања.

(3) Вториот дел од испитот се состои од практичен пример (изработено вештачење) и негова усмена одбрана.

Член 12

Испитот за вештак од соодветна област се спроведува најмалку двапати годишно.

Програма и база на податоци

Член 13

(1) Теоретскиот дел од испитот се полага според програма во која се содржани материјалот, прописите и литературата.

(2) Програмата за полагање на теоретскиот дел од испитот од ставот (1) на овој член, ја донесува министерот за правда.

(3) Базата на практични примери со кои се проверува практичната способност на кандидатите за вештаци од соодветна област, ја изработува Комората.

Одговорно лице за испитување исполнетост на услови за полагање

Член 14

(1) Стручните и административните работи за потребите на спроведување на испитот ги врши Министерството за правда, за што министерот за правда со одлука определува одговорно лице - секретар од редот на вработените во Министерството, кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот.

(2) Против решението со кое е одбиено барањето за полагање на испитот може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

(3) На одговорното лице од ставот (1) на овој член, за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок во износ од една третина од просечната месечна нето-плата исплатена во Република Северна Македонија, за што министерот за правда донесува решение.

Барање за полагање испит

Член 15

(1) Барањето за полагање на испитот кандидатот го поднесува до Министерството за правда.

(2) Со барањето за полагање на испитот, кандидатот е должен да поднесе докази за исполнување на условите за полагање на испитот, утврдени во членот 9 од овој закон.

(3) Формата, содржината и начинот на доставување на барањето од ставот (1) на овој член, ги пропишува министерот за правда.

(4) Барањето од ставот (1) на овој член и доказите од ставот (2) на овој член, можат да бидат поднесени и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, во согласност со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, барањето и доказите од ставовите (1) и (2) на овој член, во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на надлежното лице од Министерството за правда, во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(6) Министерството за правда води досие за секое лице што поднело барање за полагање испит за вештак.

Испитна комисија

Член 16

(1) Испитот се полага пред испитна комисија (во натамошниот текст: Комисијата), која се состои од претседател, четири члена и нивни заменици, кои ги назначува министерот за правда од редот на професорите од акредитираните факултети во државата, судии, јавни обвинители и адвокати, како и вешти лица со најмалку десет години работно искуство како вештак.

(2) Мандатот на претседателот, членовите и нивните заменици трае три години, без право на последователен избор.

(3) На претседателот и на членовите на Комисијата за секоја одржана испитна сесија им следува паричен надоместок во износ од една половина од просечната месечна нето-плата во Република Северна Македонија, за што министерот за правда донесува решение.

(4) Начинот на полагање на испитот и системот на оценување се уредуваат со акт на Комората, по претходно позитивно мислење од министерот за правда.

Уверение за положен испит

Член 17

(1) На кандидатите кои го положиле испитот, Министерството за правда им издава уверение во рок од 15 дена од денот на завршувањето на испитот.

(2) Уверението од ставот (1) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ, кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал на електронски услуги, во согласност со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, уверението од ставот (1) на овој член, во форма на електронски документ, се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот на барањето, во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(4) Формата и содржината на уверението од ставот (1) на овој член, ги пропишува министерот за правда.

(5) Уверението од ставот (1) на овој член, на барање на кандидатот што го положил испитот, се издава на македонски јазик и неговото кирилично писмо и на јазикот и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

Трошоци за полагање на испитот

Член 18

(1) Трошоците за полагање на испитот се на товар на кандидатот, доколку институцијата каде што е вработен не ги плати.

(2) Висината на трошоците за полагање на испитот од ставот (1) на овој член ја определува министерот за правда врз основа на реално направените трошоци за полагање на испитот, кои се неопходни за спроведување на првиот и на вториот дел на испитот, спроведувањето на писмениот тест, изработувањето материјали и покани и изработка на уверенија.

(3) Трошоците за полагање на испитот се уплатуваат на сметката на сопствени приходи на Министерството за правда.

(4) Доколку трошоците не се уплатени на соодветната сметка на Министерството за правда најдоцна 15 дена пред денот определен за спроведување на испитот, на кандидатот не му се дозволува полагање на испитот.

(5) Доколку кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на средствата не го полага испитот, уплатените средства се враќаат во согласност со закон.

Издавање лиценца за вештачење

Член 19

(1) Лицето коешто го положило испитот може да поднесе барање за издавање на лиценца за вештачење до Министерството за правда.

(2) Со барањето од ставот (1) на овој член, се приложува:

- доказ за завршена обука,

- доказ за положен испит и

- доказ за платена административна такса.

(3) Министерството за правда на лицето коешто ги исполнува условите од ставовите (1) и (2) на овој член, му издава лиценца за вештачење.

(4) Формата и содржината на образецот на лиценцата за вештачење, како и начинот на нејзиното издавање, ги пропишува министерот за правда.

(5) Лиценцата од ставот (1) на овој член, на барање на лицето, се издава на македонски јазик и неговото кирилично писмо и на јазикот и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

Стекнување лиценца без полагање на испитот

Член 20

(1) Со лиценца за вештачење без полагање на испитот, може да се стекне:

1) лице кое има дипломирано, магистрирано и докторирано на науки од област по која има поднесено барање за издавање лиценца за вештачење и доставување на потребната документација од членот 9 став (2) од овој закон, по што му се издава лиценца за вештачење и се запишува во Регистарот на вештаци;

2) лице кое дипломирало и магистрирало од областа за која има поднесено барање за лиценца со пет години работно искуство во струката, по поднесено барање за издавање лиценца и доставување на потребната документација од членот 9 став (2) од овој закон, по што му се издава лиценца за вештачење и се запишува во Регистарот на вештаци и

3) специјалист по судска медицина по поднесено барање за издавање лиценца и доставување на потребната документација од членот 9 став (2) од овој закон, по што му се издава лиценца за вештачење и се запишува во Регистарот на вештаци.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член се стекнуваат со лиценца за вештачење, по претходно поднесено барање до Министерството за правда, доколку ги исполнуваат условите од ставот (1) на овој член.

(3) Министерот за правда со решение го одбива барањето од ставот (2) на овој член доколку не се исполнети законските услови од овој член.

(4) Против решението од ставот (3) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

Заклетва

Член 21

(1) Лицата од членовите 19 став (3) и 20 од овој закон, на денот на добивањето на лиценцата за вештачење, пред министерот за правда и пред претседателот на Комората, ја даваат следнава заклетва:

„Се обврзувам и ветувам со својата чест дека вештачењето ќе го извршувам совесно,непристрасно, во согласност со правилата на науката и стручното знаење, етичките норми и професионалните стандарди и дека ќе ги доставувам своите наоди и мислења точно, навремено и потполно.".

(2) Ако лицето од ставот (1) на овој член не даде заклетва, нема да му се издаде лиценца за вештачење.

Регистри

Член 22

(1) Издадените и одземените лиценци за вештачење, како и лиценците за вештачење што престанале да важат се запишуваат во Регистарот на вештаци, а правните лица што вршат вештачење се запишуваат во Регистарот на правни лица што вршат вештачење, и нив ги води Министерството за правда.

(2) Регистрите од ставот (1) на овој член се објавуваат на веб-страницата на Министерството за правда и на веб-страницата на Комората.

(3) Формата на регистрите од ставот (1) на овој член и начинот на нивното водење, ги пропишува министерот за правда.

Содржина на регистрите

Член 23

(1) Регистарот на вештаци ги содржи следниве податоци:

1) име и презиме, адреса, телефонски број, електронско сандаче за прием на писмена и регистарски број на лиценцата на вештакот;

2) областа на вештачење за која е издадена лиценцата и

3) изречени правосилни дисциплински одлуки, во согласност со членот 44 став (4) од овој закон.

(2) Регистарот на правни лица кои вршат вештачење содржи:

1) податоци за називот, седиштето, ЕМБС и областа на вештачење на правното лице кое врши вештачење и 2) поле за забелешки.

(3) Лицата, односно субјектите од ставовите (1) и (2) на овој член, се должни, веднаш, а најдоцна во рок од осум работни дена од денот на настанатата промена, да го известат Министерството за правда, Комората и Централниот регистар на Република Северна Македонија за сите промени во врска со податоците содржани во регистрите.

Осигурување од одговорност

Член 24

(1) Трговец поединец - вештак, физичко лице - вештак, правно лице основано во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва, орган на државната управа, високообразовна установа, научна установа и стручна установа може да се осигурат од одговорност на штета, која може да ја причинат при вршење на вештачењето кон нарачателот или кон трето лице.

(2) Најнискиот износ на осигурување од одговорност на штета изнесува 20.000 евра во денарска противвредност за правно лице основано во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва, орган на државната управа и установа, а 3.000 евра во денарска противвредност за трговец поединец – вештак и физичко лице - вештак.

(3) Трговец поединец - вештак, правно лице основано во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва, орган на државната управа, високообразовна установа, научна установа и стручна установа можат, покрај износот предвиден во ставот (2) на овој член, дополнително да се осигурат и на повисок износ, по барање на нарачателот на вештачењето.

(4) Осигурувањето од одговорност, уредено во согласност со овој член, не го ослободува вештакот од неговата одговорност кон оштетените лица за нанесена штета во согласност со закон.

Континуирана обука

Член 25

(1) Континуираната обука претставува постојано стручно усовршување, со цел проширување на теоретските и на практичните знаења и вештини заради стручно и ефикасно вршење на вештачењето.

(2) Вештакот е должен континуирано стручно да се усовршува, да биде во тек со научните достигнувања и методи во струката и да учествува на советувања, обуки и други форми на едукација во земјата.

(3) Континуираната обука е задолжителна.

(4) Вештакот секоја година има обврска да ја посетува обуката за континуирано стручно усовршување, која ја организира и ја спроведува Комората, во соработка со Министерството за правда.

(5) Непосетувањето на континуираната обука од соодветна област од ставот (4) на овој член, се смета за дисциплински престап во согласност со овој закон.

Одземање на лиценцата за вештачење

Член 26

(1) Лиценцата за вештачење се одзема, ако:

- вештакот ја загуби деловната способност, со денот на правосилноста на решението за одземена деловна способност,

- лиценцата е издадена врз основа на неточни податоци, од денот на дознавањето,

- вештакот во постапка пред надлежен орган, во која го врши вештачењето, парично е казнет трипати во текот на една календарска година од денот на доставеното известување за трето парично казнување од страна на надлежен орган,

- со правосилна одлука е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност, за времето додека траат правните последици од изречената забрана, со денот на правосилноста на одлуката,

- е осуден со правосилна судска одлука за кривично дело на безусловна казна затвор над шест месеци, за времето додека траат правните последици од осудата, од денот на правосилност на одлуката,

- е осуден со правосилна судска одлука за кривично дело давање лажен наод и мислење, од денот на правосилност на одлуката и

- е доставена одлука за одземање на лиценцата за вештачење од дисциплинската комисија на Комората за изречена дисциплинска мерка во согласност со членот 41 став (1) точка 4 и членот 42 ставови (4) и (8) од овој закон, од денот на нејзиното доставување до Министерството за правда.

(2) Надлежниот орган од ставот (1) алинеи 1, 2, 3, 4, 5 и 6 на овој член, е должен, веднаш, а најдоцна во рок од три дена од правосилноста на одлуката, за истата да го извести Министерството за правда.

(3) Во случаите од ставот (1) алинеи 1, 2, 3, 6 и 7 на овој член, на лицето на кое му е одземена лиценцата да не може да се здобие со нова лиценца за вештачење од која било област.

Престанок на лиценцата за вештачење

Член 27

Лиценцата за вештачење престанува да важи:

- ако вештакот сам побара и

- со смрт на вештакот.

Бришење од Регистарот на вештаци

Член 28

(1) За одземање лиценца за вештачење, во согласност со членот 26 од овој закон и престанок на лиценца за вештачење, во согласност со членот 27 од овој закон, министерот за правда донесува решение со кое вештакот се брише од Регистарот на вештаци.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

(3) Решението од ставот (1) на овој член Министерството за правда, по службена должност, го доставува до Централниот регистар на Република Северна Македонија и до Комората.

Награда и надоместок

Член 29

(1) Вештакот за извршеното вештачење или супервештачење има право на награда и право на надоместок за реално потребните трошоци.

(2) Висината на наградата за извршеното вештачење или супервештачење се утврдува според сложеноста на вештачењето, потребното време за прибирање на податоците и според изработката на вештачењето (наодот и мислењето).

(3) Висината на реално потребните трошоци се утврдува врз основа на реално потребните патни и дневни трошоци и врз основа на материјалните трошоци.

(4) Начинот за пресметување на наградата и надоместокот од овој член ги утврдува Комората со тарифник, по претходно позитивно мислење од министерот за правда.

(5) Вештачењата извршени од физичко лице - вештак и правни лица основани во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва во предмети за бесплатна правна помош, се наплатуваат во висина за 40% пониска тарифа од пропишаната.

(6) Министерството за правда го надоместува трошокот од ставот (5) на овој член.

Доставување податоци

Член 30

(1) Одговорните лица во институциите, установите и во органите што водат евиденции, регистри, јавни книги, збирки на лични податоци и други податоци, кои на вештакот му се потребни за изработка на вештачењето во постапка утврдена со закон, се должни на вештакот, без одлагање, во постапка утврдена со закон и без надоместок, да му ги дадат потребните податоци.

(2) Вештакот е должен податоците од ставот (1) на овој член да ги користи во согласност со овој закон и со прописите, кои се однесуваат на заштита на личните податоци и класифицираните информации.

(3) Вештаците на кои им е издадена лиценца за вештачење од соодветната област каде предмет на вештачење се недвижности можат електронски да се поврзат со информатичкиот систем на Агенцијата за катастар на недвижности заради користење податоци потребни за вршење на вештачењето и да ги користат услугите на Агенцијата за катастар на недвижности по електронски пат.

III. КОМОРА НА ВЕШТАЦИ И ОРГАНИ НА КОМОРАТА

Комора на вештаци

Член 31

(1) Комората е самостојна и професионална институција на вештаци здружени заради заштита и унапредување на стручноста, етичките должности и права, за подобрување на квалитетот на вештачењето, за следење на односот на вештаците кон општеството и кон граѓаните, како и заради заштита на вештаците.

(2) Членувањето во Комората е задолжително за сите вештаци.

(3) Комората има својство на правно лице, со седиште во Скопје, и се запишува во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

(4) Комората ги има следниве акти: Статут, Кодекс на етика на вештаците, Правилник за дисциплинска одговорност и други акти во согласност со овој закон.

(5) Со Статутот на Комората, особено се уредуваат: организацијата, управувањето, работењето, видовите обука, финансирањето на Комората и внатрешната контрола.

(6) Со Кодексот на етика на вештаците се уредуваат правата и обврските на вештаците, правата и обврските за континуирана обука, професионалното однесување и одговорност, конфликт на интереси, професионалниот однос кон нарачателот на вештачењето како и други прашања од интерес на вештаците.

(7) Органи на Комората се: Собрание на Комората, Управен одбор, Надзорен одбор, претседател на Комората и дисциплинска комисија.

(8) Во Комората се основаат професионални одделенија во согласност со области на вештачење како основен облик на професионално поврзување и организирање на членовите на Комората.

(9) Комората воспоставува и одржува соработка со сродни домашни и странски институции, здруженија и комори на вештаци.

Професионални одделенија

Член 32

(1) Членовите на Комората ги остваруваат своите интереси во Комората непосредно, преку професионалните одделенија и посредно, преку избрани претставници во Собранието на Комората како и преку други облици на организирање во согласност со Статутот на Комората.

(2) Професионалните одделенија имаат раководител и заменик-раководител од редот на своите членови, со мандат од четири години, без право на последователен избор.

(3) Раководителот од ставот (3) на овој член е член на Собранието на Комората и ги застапува интересите на професионалното одделение во рамките на Комората.

Во негово отсуство го заменува заменикот-раководител.

(4) Секое професионално одделение избира и по еден член од своите редови како преставник во Собранието на Комората.

(5) Може да биде основано само едно професионално одделение од иста област на вештачење.

(6) Начинот на основање, организација, работење и одлучување на професионалните одделенија во Комората, се уредува со акт на Комората.

Собрание на Комората

Член 33

(1) Собранието на Комората (во натамошниот текст: Собранието), го сочинуваат раководителите на професионалните одделенија и избраните претставници од професионалните одделенија, во зависност од бројот на членовите во овие одделенија. Начинот на утврдување на бројот на избраните претставници од професионалните одделенија, се утврдува со акт на Комората.

(2) Собранието се состанува најмалку еднаш годишно, работи на седница ако се присутни најмалку половина од вкупниот број претставници од ставот (1) на овој член, а одлучува со мнозинство гласови од присутните.

(3) Доколку на Собранието не се присутни половина од вкупниот број вештаци во согласност со условите утврдени со овој член, Собранието се свикува повторно во дополнителен рок од 30 дена.

(4) На Собранието свикано во дополнителниот рок, е потребно присуство од најмалку една третина од вкупниот број вештаци од ставот (1) на овој член. Собранието свикано во дополнителниот рок одлучува со мнозинство гласови од присутните претставници.

(5) Седница на Собранието може да свика претседателот на Комората врз основа на одлука на Управниот одбор, или на писмено барање од најмалку 20 члена на Комората.

(6) Ако претседателот на Комората не ја свика седницата во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката на Управниот одбор, односно од поднесеното барање на членовите на Комората, седницата ќе ја свика членот на Управниот одбор определен од овој орган, односно членовите на Комората кои го поднеле барањето.

(7) Ако седница на Собранието не свика членот на Управниот одбор или членовите на Комората од ставот (5) на овој член, седница на Собранието може да свика и министерот за правда.

(8) Со седницата на Собранието раководи работно претседателство од тројца членови, избрани од присутните претставници на седницата на Собранието.

(9) Членовите на Управниот одбор, претседателот на Комората и членовите на другите органи на Комората се избираат со мандат од четири години, со право на уште еден избор.

(10) Сите трошоци направени во врска со активност на вештак во органите на Комората, во комисиите и во работните групи, паѓаат на товар на Комората.

Надлежност на Собранието

Член 34

Собранието ги врши следниве работи:

1) донесува Статут и Деловник за работа на Собранието;

2) донесува други акти на Комората и стандарди потребни за вршење на вештачењето;

3) го потврдува составот на членови на Управниот одбор чиј број, вклучувајќи го и претседателот на Комората, мора да биде непарен;

4) ги избира членовите на Надзорниот одбор, претседателот на Комората и членовите на други органи на Комората;

5) разгледува предлози, барања и препораки за успешно вршење на вештачењето и работата на Комората;

6) одлучува за начинот на организирањето на континуираната обука на вештаците и донесува програма за обуки;

7) усвојува програма за работа на Комората;

8) усвојува годишна сметка за претходната година, со предлог на пресметка за наредната година;

9) разгледува и усвојува извештај за севкупните активности;

10) определува висина на членарината, која не може да биде поголема од една просечна месечна брутоплата исплатена во Република Северна Македонија во претходната година и го утврдува начинот на плаќање;

11) одлучува за употреба на средствата остварени од парични казни во согласност со одредбите од овој закон;

12) одлучува за начинот на контрола над работењето на вештаците и

13) одлучува за сите други прашања предвидени со овој закон и со Статутот на Комората.

Управен одбор

Член 35

(1) Управниот одбор го сочинуваат претседателот на Комората и раководителите на професионалните одделенија.

(2) Управниот одбор ги врши следниве работи:

1) утврдува предлог на Статутот и на другите акти на Комората;

2) презема и спроведува иницијатива за разгледување прашања од заеднички интерес на вештаците;

3) донесува Деловник за работа на Управниот одбор;

4) Донесува Кодекс на етика на вештаците, по претходно позитивно мислење од министерот за правда;

5) составува предлог-листа на вештаци кои не извршиле уплата на износот на годишна членарина, определен од Собранието во согласност со членот 34 став (1) точка 10) од овој закон, и истата ја доставува најдоцна до 10 јуни во тековната година за која се плаќа членарина, до министерот за правда;

6) ги извршува правосилните одлуки на дисциплинската комисија;

7) врши надзор над континуираната обука на вештаците;

8) се грижи за статусот на вештаците, односот кон другите органи и кон трети лица;

9) ја организира континуираната обука на вештаците со организирање семинари и предавања, за што изработува годишна програма и води евиденција за присуство на истите;

10) подготвува седница на Собранието;

11) ги извршува одлуките на Собранието;

12) составува предлог-програма за работа на Комората и континуираната обука;

13) составува предлог на годишната пресметка и предлог на пресметка за идната година;

14) изработува предлог-тарифник за пресметување на наградата и надоместокот на вештаците;

15) предлага членови на Надзорниот одбор;

16) се грижи за редовна наплата на членарината и предлага мерки за нејзино редовно собирање и

17) одлучува за други прашања утврдени со овој закон и одлучува за сите прашања што не се во надлежност на другите органи на Комората.

(3) Седница на Управниот одбор на Комората свикува претседателот на Управниот одбор, а може да се свика и по барање на една третина од вкупниот број членови на Управниот одбор.

(4) Управниот одбор може да одржи седница доколку на истата присуствуваат повеќе од половина од членовите на Управниот одбор. Одлуките на Управниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови. Со Статутот на Комората посебно се утврдуваат случаите кога е потребно квалификувано мнозинство на членовите на Управниот одбор за донесување одлука.

(5) Претседателот и членовите на Управниот одбор, кои ја вршат својата работа во органите на Комората добиваат награда за истата, чија висина ја утврдува Собранието на предлог на Управниот одбор и не може да биде повисока од една просечна месечна нето-плата исплатена во Република Северна Македонија во претходниот месец, а имаат право и на надоместок на реално направените трошоци, кои ги имале во врска со вршењето на функцијата.

(6) Претседателот и членовите на Управниот одбор се со мандат од четири години, без право на последователен избор.

(7) Управниот одбор со акт ја определува висината на надоместокот за реално направените патни трошоци на членовите на Управниот одбор.

(8) Начинот на избор на членовите на Управниот одбор се утврдува со Статутот на Комората.

Надзорен одбор

Член 36

(1) Надзорниот одбор е составен од тројца членови, од кои еден е претседател со мандат од две години со право на еден последователен избор.

(2) Надзорниот одбор:

- се грижи за законито работење на Комората од областа на материјално- финансиското и сметководственото работење,

- врши периодични контроли над работењето на сметководствено-финансиското работење на Комората,

- дава мислење на Управниот одбор за составување на завршната сметка на Комората,

- дава мислење за извештајот на Комората за изминатиот период до Управниот одбор,

- предлага план за финансиско работење на Комората за наредната година до Управниот одбор.

- се грижи за редовна и навремена достава на материјално-финансиското работење до надлежните органи и институции и

- врши други работи во согласност со овој закон.

(3) Работењето на Надзорниот одбор поблиску се уредува со Деловник за работа, кој го донесува Надзорниот одбор.

Претседател на Комората

Член 37

(1) Претседателот на Комората истовремено е и претседател на Управниот одбор, со мандат од четири години.

(2) Претседателот ја претставува и ја застапува Комората. Во случај на спреченост, неговите должности ги врши најстариот по возраст член на Управниот одбор.

(3) Професионалните одделенија можат да предложат најмногу еден кандидат за претседател. Постапката за селекција и избор на претседател се уредува со Статутот на Комората.

(4) Претседателот на Комората:

1) се грижи Комората да работи во согласност со закон;

2) ги извршува одлуките на Собранието и на Управниот одбор на Комората;

3) посредува во решавање на споровите меѓу вештаците;

4) потпишува налог за исплата на средства од сметката на Комората и

5) врши други работи предвидени со Статутот на Комората.

Административно-техничка служба

Член 38

Комората има секретар, кој ги врши административно-техничките работи за потребите на Комората. Во Комората можат да бидат вработени и други лица, во зависност од потребите на Комората.

Финансирање на Комората

Член 39

(1) Вештаците задолжително секоја година плаќаат годишна членарина. Висината на членарината се определува на седница на Собранието.

(2) Комората остварува приход и од донации и од други извори, со кои не се нарушува самостојноста и чесноста на вршење на работите од вештачењето и професионалната етика.

(3) Примањето донации го одобрува Управниот одбор.

## IV. ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА

### Дисциплински органи

### Член 40

(1) Дисциплински орган на Комората е дисциплинската комисија.

(2) На Собранието се утврдува листа на вештаци за членови за дисциплински комисии по предлог на Управниот одбор.

(3) Управниот одбор ја формира дисциплинската комисија (во натамошниот текст: Комисијата) по пријава од овластен подносител: судија, јавен обвинител, нарачател и учесник во постапката, кој има правен интерес. Кон пријавата мора да се достави доказ за сторената повреда.

еници, од кои двајца членови се од листата од ставот

(2) на овој член, од кој еден член е вештак и негов заменик од соодветната област, еден член и негов заменик по предлог на министерот за правда од редот на раководните државни службеници во Министерството за правда со стаж на правни работи повеќе од десет години по положен правосуден испит, еден член и негов заменик редовен професор од акредитиран правен факултет во Република Северна Македонија и еден член и негов заменик-судија од основен суд на предлог на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Подносителот на пријавата не може да биде член на Комисијата.

(5) Управниот одбор при изборот на составот на Комисијата именува претседател на Комисијата од редот на двајцата членови предложени од листата од ставот (2) на овој член.

(6) Начинот и поблиските услови на работа на дисциплинската комисија се уредуваат со Правилникот за дисциплинска постапка на Комората.

### Видови дисциплински мерки

### Член 41

(1) За сторена дисциплинска повреда, на вештак може да му се изречат следниве дисциплински мерки:

1) јавна опомена;

2) парична казна;

3) привремено одземање лиценца за вештачење и

4) трајно одземање на лиценцата за вештачење.

(2) Дисциплинските мерки од ставот (1) точки 1), 2)

и 3) на овој член ги изрекува Комисијата, а при изрекување на дисциплинската мерка од ставот (1) точка 4) на овој член, Комисијата поднесува предлог за трајно одземање на лиценцата за вештачење до министерот за правда.

(3) При изрекување дисциплинска мерка привремено одземање лиценца, вештакот може да ги работи само предметите коишто се во тек, но не и да земе да работи нови предмети.

Мерки за дисциплински повреди

Член 42

(1) Дисциплинската мерка јавна опомена ќе му се изрече на вештакот, ако:

- службените списи и податоци ги чува спротивно на прописите за архивско и канцелариско работење,

- го повреди должното почитување на странките и органите за надзор и

- ги повреди одредбите од Статутот, Кодексот на етика на вештаците, професионалните стандарди и акти со кои се определени обврски за вештакот.

(2) Дисциплинската мерка парична казна ќе му се изрече на вештакот, ако:

- редовно не плаќа членарина,

- не посетува обука за континуирано стручно усовршување и

- го повреди тарифникот за награда за извршено вештачење (наплатува повеќе или помалку од утврдениот износ во тарифникот).

(3) Ако дисциплинската повреда од ставот (2) на овој член се повтори последователно двапати во текот на една календарска година, се изрекува дисциплинска мерка привремено одземање на лиценцата за вештачење за период од три до шест месеци.

(4) Дисциплинската мерка трајно одземање на лиценцата за вештачење се изрекува, ако:

- нестручно или несовесно го врши вештачењето во спротивност со правилата на науката и струката, етичките норми и конфликт на интереси,

- ако преземе дејство за кое, во согласност со овој или со друг закон не смеел да го преземе,

- неоправдано најмалку двапати во тек на една календарска година отсуствува пред суд или пред јавен обвинител и пред друг државен орган кога е повикан и

- не постапи според одлуки, наредби и заклучоци на надлежен суд или орган.

(5) Дисциплинската мерка јавна опомена се става на огласна табла во седиштето на Комората и на нејзината веб-страница за период од 60 дена од денот на изрекувањето.

(6) Дисциплинската мерка парична казна се изрекува во висина од две просечни месечни бруто-плати исплатени во Република Северна Македонија во последните три месеци, чие плаќање може да се определи на најмногу шест еднакви месечни рати.

(7) При изрекувањето на дисциплинските мерки се земаат предвид тежината на повредата, последиците од таа повреда, степенот на одговорност на вештакот, околностите под кои е сторена повредата, поранешното негово однесување, претходно изречени дисциплински мерки, како и другите олеснителни и отежителни околности.

(8) Во случај на поврат, сторен во период од една до пет години, ќе се примени потешка дисциплинска мерка додека не се стигне до дисциплинската мерка трајно одземање на лиценцата за вештачење.

(9) Против одлуката на Комисијата, вештакот, односно подносителот на пријавата има право на жалба до Министерството за правда во рок од осум дена од добивањето на одлуката за изречената мерка. Одлуката по жалба се донесува во рок од 15 дена од денот на нејзиното поднесување.

(10) Кога се одлучува по поднесената жалба, истата може со решение, кое го донесува министерот за правда, да се отфрли како ненавремена или поднесена од неовластен подносител, да се уважи и предметот да го врати на повторно одлучување; да се преиначи одлуката на Комисијата или да се потврди одлуката на Комисијата. Во случај кога по вторпат одлучува по жалбата, министерот за правда е должен да донесе мериторна одлука.

(11) Кога не е донесена одлука по жалба во рокот предвиден со ставот (9) на овој член или кога вештакот, односно подносителот на пријавата, не е задоволен од одлуката донесена по жалба, вештакот, односно подносителот на пријавата може да поведе управен спор пред надлежен суд.

Застареност

Член 43

(1) Рокот на застареност за поведување дисциплинска постапка изнесува една година од дознавањето за повредата, но не повеќе од три години од денот на сторувањето на повредата.

(2) Застареноста се прекинува со секое процесно дејство што се презема заради поведување на дисциплинската постапка.

Извршување дисциплински одлуки

Член 44

(1) Правосилните дисциплински одлуки, донесени во постапка, ги извршува Управниот одбор.

(2) Правосилните дисциплински одлуки за изречената парична казна и за трошоците на постапката имаат сила на извршна исправа.

(3) Ако со правосилната одлука е изречена мерка одземање на лиценцата, вештакот на кого таа мерка му е изречена, се брише од Регистарот на вештаци со денот на нејзината правосилност.

(4) Правосилната дисциплинска одлука со која е изречена некоја друга мерка се запишува во Регистарот на вештаци.

(5) Мерката јавна опомена се брише од Регистарот на вештаци по истекот на шест месеци од денот на нејзиното објавување, а другите мерки, освен мерката трајно одземање лиценца, по истекот од една година од правосилното изрекување.

(6) Комисијата доставува известување до Министерството за правда за исполнетост на условите од ставот (5) на овој член.

## V. ПОСЕБНА ПОСТАПКА ЗА СТЕКНУВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ

Член 45

(1) Лицето кое не поседува соодветно високо образование, а има стручни квалификации, кои може да ги докаже со соодветна документација и најмалку пет години работно искуство во конкретната струка, може да поднесе барање за стекнување лиценца за вештачење до Комората.

(2) Комората формира комисија составена од најмалку пет вештаци, од кои тројца се од областа за која лицето бара да се стекне со лиценца и истите, со мнозинство гласови од вкупниот број членови, одлучуваат дали лицето ги исполнува условите да полага испит за вештак.

(3) Испитот за вештак од членот 11 од овој закон се полага најдоцна во рок од еден месец од донесената одлука со која се дозволува полагање на испитот.

(4) По положен испит, лицето се распределува кај соодветен вештак и под менторство работи една година.

(5) Во последните пет месеци од работењето лицето е должно самостојно, под надзор на менторот, да изработи пет вештачења и истите да ги презентира пред Комисијата. Комисијата ја оценува презентацијата на секој поединечен предмет со ,,задоволува‘‘ или ,,не задоволува‘‘.

(6) Доколку лицето добило четири оценки ,,задоволува‘‘ се смета дека успешно ја завршило менторската работа.

(7) Комората во случај од ставот (5) на овој член до Министерството за правда доставува одлука со која потврдува дека лицето ги исполнило условите за стекнување лиценца од соодветната област.

(8) Лиценцата за вештачење од овој член ја издава министерот за правда и лицето се запишува во Регистарот на вештаци.

(9) Трошоците за полагање и менторство паѓаат на товар на лицето од ставот (1) на овој член.

## VI. БИРО ЗА ПРОЦЕНА

Член 46

(1) Бирото за процена (во натамошниот текст: Бирото) е орган на државна управа во состав на Министерството за правда, со својство на правно лице.

(2) Бирото врши стручни работи од обласат на процената во согласност со одредбите од Законот за процена.

(3) Бирото за потребите на органите на државата изготвува Програма за процена.

Член 47

Бирото врши процена во согласност со Законот за процена, со примена на пропишаните методологии во домашното законодавство и во согласност со Европските и Меѓународните стандарди за процена.

Член 48

Во делокругот на Бирото од областа на процената спаѓа:

- следење на научните, стручните и техничките достигнувања во областите во кои врши процени, преземање мерки за усовршување на работата, методите на процена и стручно усовршување на вработените,

- запознавање на барателите на процена со достигнувањата во определените области, заради нивно упатување во можностите за користење на процена,

- преземање мерки за оспособување лица за процени во рамките на Бирото,

- предлагање мерки за унапредување на дејноста процена,

- вршење советодавна стручна работа за подобрување на квалитетот во дејноста процена,

- обезбедување на меѓународна помош во областа на процена и соработка со меѓународни организации и здруженија и

- вршење и на други работи утврдени со закон.

Член 49

Во вршењето на работите од својот делокруг и за определени работи од надлежност на Бирото, кои бараат посебна стручност и за чие извршување се потребни соодветни стручни лица, опрема и уреди кои не ги поседува Бирото, Бирото може да склучи договор за соработка со друг орган на државната управа, државен орган, високообразовна установа, научна установа или стручна установа.

Член 50

(1) За извршените процени од страна на надворешните соработници во случаите од членот 56 став (2) на Бирото му следува награда и трошоци во согласност со Законот за процена.

(2) Наградата и трошоците за процена ги подмирува барателот на услугата.

Член 51

(1) Со работата на Бирото раководи директор.

(2) Директорот го именува Владата на Република Северна Македонија за период од четири години.

(3) За именување директор се објавува јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(4) За директор може да биде именувано лице, кое ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Северна Македонија;

2) во моментот на изборот со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;

3) да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) да има минимум пет години работно искуство;

5) да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик, не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,

- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,

- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,

- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) -положен,

- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или

- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и

6) да има положено психолошки тест и тест за интегритет.

(5) Функцијата директор е неспоива со вршење други јавни функции или професии.

Член 52

На директорот му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е именуван:

- заради смрт,

- ако сам го побара тоа,

- ако е утврдена трајна неспособност за работа и

- ако ги исполнува условите за пензионирање.

Член 53

Владата на Република Северна Македонија го разрешува директорот на Бирото пред истекот на мандатот за кој е именуван:

- ако со правосилна одлука му е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност,

- ако со правосилна судска одлука е осуден на казна затвор во траење од најмалку шест месеци и

- поради нестручно, пристрасно и несовесно вршење на функцијата и надлежностите кои му се доверени.

Член 54

(1) Во Бирото вработените се групираат во групи и подгрупи, во согласност со Законот за вработените во јавниот сектор:

- административни службеници и

- помошно-технички лица.

(2) Вработените во Бирото имаат статус на административни службеници.

(3) За вработените од ставот (2) на овој член, категориите, нивоата и звањата се утврдуваат во согласност со Законот за административните службеници.

(4) За прашањата кои се однесуваат на класификацијата, евиденцијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на учинокот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници, во Бирото се применуваат одредбите од Законот за административните службеници.

(5) Вработените во Бирото кои вршат помошно-технички работи, имаат статус на помошно-технички персонал.

(6) За прашањата кои се однесуваат на класификацијата, евиденцијата, вработувањето и други прашања во врска со работниот однос на помошно-техничкиот персонал во Бирото, се применуваат одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.

Член 55

(1) За вршење на работите од своја надлежност, Бирото може да ангажира и надворешни соработници од соодветната област, за што објавува јавен повик.

(2) Надворешните соработници процените ги вршат во име и за сметка на Бирото.

(3) Надворешните соработници на Бирото се должни да ги исполнуваат условите определени со закон.

(4) Бирото е должно да објави листи на надворешни соработници - проценители на својата веб-страница.

(5) Образецот на пријавата за надворешен соработник - проценител, на предлог на Бирото го пропишува министерот за правда.

Член 56

(1) Процените, по правило, ги вршат вработените во Бирото.

(2) Надворешните соработници од членот 55 од овој закон Бирото може да ги ангажира заради:

- особено сложени случаи,

- зголемен обем на работа по предмети од областа на процената,

- за процената е потребно и учество на други проценители со иста или со друга специјалност,

- по барање на надлежните органи и

- други причини предвидени со закон.

Член 57

(1) За извршената процена или учество во процена, надворешните соработници на Бирото имаат право на надоместок и награда.

(2) При утврдување на наградата и надоместокот на надворешните соработници, се земаат предвид сложеноста, времетраењето, обемот и потребните ресурси за извршената процена.

(3) Наградата и надоместокот на надворешните соработници, на предлог на министерот за правда, ги утврдува Владата на Република Северна Македонија.

Член 58

(1) Бирото за својата работа доставува Годишен извештај до Владата на Република Северна Македонија.

(2) Програмата за процени, на предлог на Бирото, ја донесува Владата на Република Северна Македонија.

Член 59

(1) Средствата за финансирање на Бирото се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

(2) Бирото може да остварува сопствен приход, приход од донации и од други извори утврдени со закон.

## VII. НАДЗОР

Член 60

Надзор над примената на одредбите од овој закон врши Министерството за правда.

## VIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 61

(1) Глоба во износ од 100 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на секретарот определен од министерот за правда, кој ќе дозволи да полага кандидат што не ги исполнува условите утврдени со овој закон.

(2) За прекршокот од ставот (1) на овој член, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 62

(1) Со денот на влегувањето во сила на овој закон, Бирото за судски вештачења продолжува да работи како Биро за процена, орган во состав на Министерството за правда.

(2) Вработените, опремата, документацијата и другите средства за работа, со денот на влегувањето во сила на овој закон, од Бирото за судски вештачења се преземаат од Бирото за процена.

(3) Директорот на Бирото за судски вештачења именуван до денот на влегувањето во сила на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот, како директор на Бирото за процена.

Започнати постапки

Член 63

Постапките за вештачење започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат во согласност со одредбите од Законот за вештачење („Службен весник на Република Македонија" број 115/10, 12/14, 43/14, 104/15, 148/15, 192/15 и 64/18), од страна на Бирото за процена.

Донесување поблиски прописи предвидени со овој закон

Член 64

Подзаконските акти предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Основање професионални одделенија

Член 65

(1) Во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон сите вештаци со важечка лиценца за вештачење се должни по електронски пат да достават до Министерството за правда свои податоци, и тоа: име и презиме, адреса на живеење, телефонски број и регистарски број на лиценца, заради нивно групирање во професионални одделенија, во согласност со членот 32 од овој закон.

(2) Министерството за правда во рок од два месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ги основа првите професионални одделенија на Комората, ќе ги избере раководителите и замениците-раководители на професионалните одделенија и ќе се избере по еден член од секое професионално одделение како преставник во Основачкото собрание на Комората.

(3) Министерството за правда е должно да обезбеди техничка поддршка и просторни услови за основањето на професионалните одделенија на Комората.

Основање на Комората на вештаци

Член 66

(1) Основачкото собрание на Комората го свикува министерот за правда, најдоцна во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, за што се известуваат вештаците најрано 15 дена пред одржување на седницата на Основачкото собрание.

(2) На Основачкото собрание на Комората се донесуваат Деловникот за работа на Собранието на Комората, Статутот и Правилникот за дисциплинска одговорност и се избираат органите на управување.

(3) Со денот на основањето на новата Комора на вештаци, во согласност со одредбите од овој закон, престануваат со работа Комората на вештаци и сите органи на Комората основани според Законот за вештачење („Службен весник на Република Македонија" број 115/10, 12/14, 43/14, 104/15, 148/15, 192/15 и 64/18) и сите парични средства, документација, печати и други акти се предаваат на новооснованата Комора за вештаци од членот 66 од овој закон.

Лиценци за вештачење

Член 67

Лиценците за вештачење издадени пред денот на влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да важат, за што вештаците во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон се должни да достават барање до Министерството за правда за издавање лиценца за вештачење во согласност со одредбите од овој закон.

Започнување примена

Член 68

(1)Одредбите од членот 15 ставови (4) и (5) и членот 17 ставови (2) и (3) од овој закон, ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2023 година.

(2) Одредбите од ставот (1) на овој член, престануваат да важат со денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Член 69

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за вештачење („Службен весник на Република Македонија" број 115/10, 12/14, 43/14, 104/15, 148/15, 192/15 и 64/18).

Член 70

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".